# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

# НА ОПШТИНА НЕГОТИНО

## Службен гласник бр.2/2015

## 03.03.2015 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за утврдување на приоритет за реализација на предложениот проект *"Патен правец Горни Дисан –Вешје„***

Се објавува Одлуката за утврдување на приоритет за реализација на предложениот проект *"Патен правец Горни Дисан –Вешје"*, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 27.02.2015 година.

Бр.09-99/1
03.03.2015

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Ванчо Апостолов**

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 79, став 1 точка 26 од Статутот на Општина Неготино („Службен гласник на Општина Неготино“ бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на ден 27.02.2015 година, ја донесе следната

# О Д Л У К А

**За утврдување на приоритет за реализација на предложениот проект *"Патен правец Горни Дисан –Вешје,,***

Член 1

Со оваа одлука се утврдува приоритет за реализација на проектот ***"Патен правец Горни Дисан –Вешје,, во должина од 638 m,*** а во врска со Јавниот повик бр.01/2015 од 05.01.2015 објавен од страна на Министерството за финансии на Република Македонија,за доделување на финансиска поддршка на единиците на локалната самоуправа за подобрување на општинските услуги, согласно доставено барање за користење на средства од ЕУ ИПА грантот,наменети за подобрување на инфраструктурата во руралните средини.

Член 2

Вредноста на предложената инвестиција изнесува **18.376.207,00 МКД** од кои **15.990.000,00 МКД** ќе бидат обезбедени од ЕУ ИПА грантот наменети за подобрување на инфраструктурата во руралните средини.Остатокот од средствата во износ од **2.386.207,00МКД** ќе бидат обезбедени од Буџетот на општина Неготино.

Член 3

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката бр.07-37/11 од 30.01.2015 година.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Неготино “.

Бр.07_86/14
27.02.2015 година

Советот на Општина Неготино
Претседател
Јордан Паунов

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за ослободување од плаќање на комунална такса за користење и одржување на јавно осветлување на имателите на електричните броила во во месноста „ Коработ„ КО Криволак**

Се објавува Одлуката за ослободување од плаќање на комунална такса за користење и одржување на јавно осветлување на имателите на електричните броила во во месноста „ Коработ„ КО Криволак, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 27.02.2015 година.

Бр.09-99/2
03.03.2015

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Ванчо Апостолов**

Врз основа на член 6 став 2 и став 3 од Законот за комунални такси (Сл.весник на РМ бр.61/04; 64/05; 92/07 и 123/12), член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 27.02.2015 година ја донесе следната

# О Д Л У К А

**За ослободување од плаќање на комунална такса за користење и одржување на јавно осветлување на имателите на електричните броила во во месноста „ Коработ„ КО Криволак**

Член 1

Со оваа одлука се ослободуваат од плаќање на комунална такса за користење и одржување на јавно осветлување имателите на електричните броила во викендичките во место викано „ Коработ„ КО Криволак, бидејќи во оваа месност нема можност за инсталација на улично осветлување.

Член 2

На имателот на броило за мерење на електрична енергија во месноста „ Коработ„ КО Криволак ќе му биде издадена потврда од општина Неготино доколку преходно достави барање до општината со приложиена фактура доставена од ЕВН КЕЦ Кавадарци за броилото монтирано на својот објект, доказ за редовно плаќање на потрошената електрична енергија за последните шест месеци, како и имотен лист како доказ за сопственост на објектот.

Член 3

Одлуката ќе ја спроведе ЕВН КЕЦ Кавадарци со доставување на потврда од страна на општина Неготино за физички лица како баратели/сопственици на броила за мерење на електрична енергија во месноста „ Коработ„ КО Криволак како вон населено место во општина Неготино.

ЕВН КЕЦ Кавадарци со доставувањето на потврда од страна на општина Неготино е дожна да води евиденција на корисниците на електричните броила од горенаведената месност.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Неготино“.

Бр.07_86/10
27.02.2015 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Јордан Паунов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлуката за утврдување на локација во град Неготино за паркирање на возила за потребите на кабарето на трговското друштво БЕЛЛАЦИО ПАЛАС ДООЕЛ Неготино**

Се објавува Одлуката за утврдување на локација во град Неготино за паркирање на возила за потребите на кабарето на трговското друштво БЕЛЛАЦИО ПАЛАС ДООЕЛ Неготино, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 27.02.2015 година.

Бр.09-99/3
03.03.2015

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Ванчо Апостолов**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/2002) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 27.02.2015 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**За утврдување на локација во град Неготино за паркирање на возила за потребите на кабарето на трговското друштво БЕЛЛАЏИО ПАЛАС ДООЕЛ Неготино**

Член 1

Со оваа одлука како локација за паркирање на возила за потребите на кабарето на трговското друштво БЕЛЛАЏИО ПАЛАС ДООЕЛ Неготино лоцирано на ул.„Ацо Аџи Илов“ 13 Неготино, во терминот од 20 до 04 часот за време на викендите и празниците, се определува делот од Градскиот пазар во Неготино кој граничи со улиците Ацо Аџи Илов“ и „Цандо Апаратчето“.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Неготино”.

Бр.07_86/11
27.02.2015 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Јордан Паунов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решението за избор на членови на Советот на млади во општина Неготино**

Се објавува Решението за избор на членови на Советот на млади во општина Неготино, што Советот на општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден 27.02.2015 година.

Бр.09-99/4
03.03.2015

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Ванчо Апостолов**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 115-ј од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 27.02.2015 година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За избор на членови на Советот на млади во општина Неготино**

Член 1

За членови на Советот на млади во општина Неготино се избираат:

**-Ивона Атанасова**
**-Никола Богески**
**- Томислав Насков**
**-Стефан Андонов**
**-Митко Јаначков**
**-Дејан Пановски**
**-Ѓорѓи Јованов**
**-Тоде Мицов**
**-Јордан Лазов**
-

Член 2

Советот на млади од своите редови ќе избере претседател, членови на управен одбор и членови на работни групи согласно Деловникот за работа на Советот на младите.

Член 3

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „ Службен гласник на општина Неготино“.

Бр.07_86/12
27.02.2015 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Јордан Паунов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Решението за доделување на еднократна парична помош поради елементарна непогода-пожар**

Се објавува Решението за доделување на еднократна парична помош поради елементарна непогода-пожар, што Советот на општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден 27.02.2015 година.

Бр.09-99/5
03.03.2015

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Ванчо Апостолов**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 27.02.2015 година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За доделување на еднократна парична помош поради елементарна непогода-пожар**

Член 1

Се доделува еднократна парична помош во износ од 15.000,00 денари на лицето Никола Милошевиќ од с. Криволак за санирање на штетата на неговата куќа во с.Криволак, настаната од елементарна непогода _ пожар.

Член 2

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „ Службен гласник на општина Неготино„.

Бр.07_86/14
27.02.2015 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Јордан Паунов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решението за доделување на еднократна парична помош**

Се објавува Решението за доделување на еднократна парична помош, што Советот на општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден 27.02.2015 година.

Бр.09-99/6
03.03.2015

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Ванчо Апостолов**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 27.02.2015 година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За доделување на еднократна парична помош**

Член 1

Се доделува еднократна парична помош на:

- Мартин Цветков од с.Тимјаник во износ од 10.000,оо денари.
- Владо Наумов од с.Пепелиште во износ од 10.000,оо денари.

Член 2

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „ Службен гласник на општина Неготино„.

Бр.07_86/15
27.02.2015 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Јордан Паунов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Мислењето по однос на Програмата бр.09-22/1 од 20.01.2015 година за организирање и реализирање на екскурзии и други слободни активности во Основното општинско училиште „ Гоце Делчев„ во Неготино за учебната 2014/2015 година**

Се објавува Мислењето по однос на Програмата бр.09-22/1 од 20.01.2015 година за организирање и реализирање на екскурзии и други слободни активности во Основното општинско училиште ,, Гоце Делчев,, во Неготино за учебната 2014/2015 година, што Советот на општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден 27.02.2015 година.

Бр.09-99/7
03.03.2015

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Ванчо Апостолов**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ,, бр.5/02) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино (,, Сл.гласник на општина Неготино,, бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14) и член 7 од Правилникот бр.10-4061/1 од 01.11.2010 година донесен од Министерот за образование и наука за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта, Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 27.02.2015 година го усвои следното

**М И С Л Е Њ Е**

1.Советот на општина Неготино дава позитивно мислење по однос на Програмата бр.09-22/1 од 20.01.2015 година за организирање и реализирање на екскурзии и други слободни активности во Основното општинско училиште ,, Гоце Делчев,, во Неготино за учебната 2014/2015 година.

2. Ова мислење влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,, Службен гласник на општина Неготино,,.

Бр.07_86/13
27.02.2015 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Јордан Паунов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Акционен план за енергетската ефикасност на општина Неготино во 2015 година**

Се објавува Акционен план за енергетската ефикасност на општина Неготино во 2015 година, што Советот на општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден 27.02.2015 година.

Бр.09-99/8
03.03.2015

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Ванчо Апостолов**

Бр.07_86/3
27.02.2015 година

Врз основа на член 132 Законот за енергетика („Сл. Весник на РМ“ бр 16/2011 и 94/2013) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Советот на општина Неготино на ден 27.02.2015 година донесе

***Акционен план за енергетската ефикасност на општина Неготино во 2015 година***

| | Проект/активност | Цел | Финансирано од | Корисник | Приближна вредност на инвестицијата (€) | Период на реализација | Очекувани резултати |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Поставување на заптивни гуми на прозори | Подобрување на енергетската ефикасност | Буџет на општина Неготино | СОУ „Св. Кирил и Методиј “ Неготино | 500 | Јули – август 4015 | Заштеда на енергија, подобрена енергетска ефикасност |
| 2 | Поставување на систем за централно греење во ПУ во с. Долни Дисан | Подобрување на енергетската ефикасност | Буџет на општина Неготино | ПУ с. Долни Дисан | 20 000 | Јули – август 4015 | Заштеда на енергија, подобрена енергетска ефикасност |
| 3 | Замена на постоечки светилки со штедливи | Подобрување на енергетската ефикасност | Сопствени извори на средства | ООУ „Гоце Делчев “ Неготино | 500 | Во тек на цела година | Заштеда на енергија, подобрена енергетска |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | ефикасност |
| 4 | Замена на постоечки светилки со штедливи | Заштеда на енергија, подобрени енергетски карактерисрики | Сопствени извори на средства | СОУ „Св. Кирил и Методиј“ Неготино | 500 | Во тек на цела година | Заштеда на енергија, подобрена енергетска ефикасност |
| 5 | Замена на постоечки светилки со штедливи | Подобрување на енергетската ефикасност | Сопствени извори на средства | ООУ „Страшо Пинџур“ Неготино | 500 | Во тек на цела година | Заштеда на енергија, подобрена енергетска ефикасност |
| 6 | Поставување на нов топловоден котел во ПУ с. Криволак | Подобрување на енергетската ефикасност | Сопствени извори на средства | ООУ „Страшо Пинџур“ Неготино | 6 000 | Јули – август 2105 | Заштеда на енергија, подобрена енергетска ефикасност |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 7 | Замена на стари котли за греење во ООУ „Гоце Делчев“ | Подобрување на енергетската ефикасност | Буџет на општина Неготино | ООУ „Гоце Делчев“ Неготино | 12 000 | Во тек на цела година | Заштеда на енергија, подобрена енергетска ефикасност |
| 8 | Улично осветлување замена на постоечки светилки со штедливи | Заштеда на енергија, подобрена енергетска ефикасност | Буџет на општина Неготино | Општина Неготино | 40 000 | Во тек на цела година | Заштеда на енергија, подобрена енергетска ефикасност |

Совет на општина Неготино

П р е т се д а т е л

Јордан Паунов

# С О Д Р Ж И Н А

## на Службен гласник бр. 2/2015

1. Заклучок за објавување на Одлуката за утврдување на приоритет за реализација на предложениот проект *"Патен правец Горни Дисан –Вешје“* Стр.1

2. Одлука за утврдување на приоритет за реализација на предложениот проект *"Патен правец Горни Дисан –Вешје“* Стр.2

3. Заклучок за објавување на Одлуката за ослободување од плаќање на комунална такса за користење и одржување на јавно осветлување на имателите на електричните броила во во месноста „ Коработ„ КО Криволак Стр.3

4. Одлука за ослободување од плаќање на комунална такса за користење и одржување на јавно осветлување на имателите на електричните броила во во месноста „ Коработ„ КО Криволак Стр.4

5. Заклучок за објавување на Одлуката за утврдување на локација во град Неготино за паркирање на возила за потребите на кабарето на трговското друштво БЕЛЛАЦИО ПАЛАС ДООЕЛ Неготино Стр.5

6. Одлука за утврдување на локација во град Неготино за паркирање на возила за потребите на кабарето на трговското друштво БЕЛЛАЦИО ПАЛАС ДООЕЛ Неготино Стр.6

7. Заклучок за објавување на Решението за избор на членови на Советот на млади во општина Неготино Стр.7

8. Решение за избор на членови на Советот на млади во општина Неготино Стр.8

9. Заклучок за објавување на Решението за доделување на еднократна парична помош поради елементарна непогода-пожар Стр.9

10. Решение за доделување на еднократна парична помош поради елементарна непогода-пожар Стр.9

11. Заклучок за објавување на Решението за доделување на еднократна парична помош Стр.10

12. Решение за доделување на еднократна парична помош Стр.10

13. Заклучок за објавување на Мислењето по однос на Програмата бр.09-22/1 од 20.01.2015 година за организирање и реализирање на екскурзии и други слободни активности во Основното општинско училиште „ Гоце Делчев„ во Неготино за учебната 2014/2015 година Стр.11

12. Мислење по однос на Програмата бр.09-22/1 од 20.01.2015 година за организирање и реализирање на екскурзии и други слободни активности во Основното општинско училиште „ Гоце Делчев„ во Неготино за учебната 2014/2015 година Стр.12

13. Заклучок за објавување на Акционен план за енергетската ефикасност на општина Неготино во 2015 година Стр.13

14. Акционен план за енергетската ефикасност на општина Неготино во 2015 година Стр.13-16